**20162265003**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРОТ ПОТРЕБНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИЗВРШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на опремата и просторот кои се потребни за вршење на извршни работи.

Член 2

(1) Просториите во кои е сместена канцеларијата на извршителот треба да бидат посебна градежна целина, во местото каде е регистрирано седиштето на извршителот.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има најмалку две работни простории, чекална и тоалет. Вкупната површина на канцеларијата на извршителот не може да биде помала од 50 м2.

Член 3

(1) Канцеларијата на извршителот може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

(2) Канцеларијата на извршителот треба да биде сместена во објект, кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него не го доведува во прашање угледот на извршителот.

(3) Ако канцеларијата на извршителот се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до вториот кат.

Член 4

Канцеларијата на извршителот треба да биде уредна и чиста и треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, уредно сервисирани согласно прописите за заштита од пожари.

Член 5

(1) Канцеларијата на извршителот треба да има ормани со полици и сигурносни брави за сместување на архивата, заштитени од влага и пожар.

(2) Канцеларија на извршителот треба да има потребна канцелариска опрема: биро, столчиња за странките во работните простории и во чекалната, телефон, скенер, фотокопир, персонален компјутер, печатар, средства за пишување и канцелариски материјал.

(3) Канцеларијата на извршителот треба да има телефонска линија, интернет врска, квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати (токен за електронски потпис), компјутерски сервер и електронска опрема на која што може да се чуваат и архивираат електронски документи во информацискиот систем или на медиум кој овозможува трајност на електронскиот запис за утврденото време на чување, согласно Законот за архивски материјал.

Член 6

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 178/15).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4726/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.